Република Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**


Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр.26-4548/3.

Јуруј Гагарин 15,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk


ПОСТАПКА БР.26-4548/3/2010

НАБАВКА НА УСЛУГИ:

ИЗБОР НА АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Скопје, Април, 2010 година

## СОДРЖИНА НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА


| |
|---|
| *1. ДОГОВОРЕН ОРГАН* |
| *2. ВИД НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА* |
| *3. КОНТАКТ ЛИЦЕ* |
| *4. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА* |
| *5. КРАЕН ДАТУМ, ВРЕМЕ И МЕСТО ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВАРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ* |
| *6. НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА* |
| *7. КРИТЕРИУМИ И МИНИМАЛНИ УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТ* |
| *8. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТ* |
| *9. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ / ОПИСНА ДОКУМЕНТАЦИЈА* |
| *10. РОК НА ИСПОРАКА ОДНОСНО ПЕРИОД НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ* |
| *11. УПАТСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПОНУДАТА* |
| *12. АЛТЕРНАТИВНИ ПОНУДИ* |
| *13. ЦЕНИ, РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (корекција на цени)* |
| *14. ВАЛУТА НА ПОНУДАТА* |
| *15. РОК, НАЧИН И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ* |
| *16. ВАЖНОСТ НА ПОНУДИТЕ* |
| *17. ГАРАНЦИИ & АВАНСНО ПЛАЌАЊЕ* |
| *18. КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА* |
| *19. ЕЛЕКТРОНСКИ СРЕДСТВА* |
| *20. ЕЛЕКТРОНСКА АУКЦИЈА* |
| *21. ПОТРЕБНИ ИЗЈАВИ И ОБРАЗЦИ* |
| *22. ПРАВНА ЗАШТИТА* |
| *23. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА (Модел договор)* |


ПРИЛОЗИ:

ПРИЛОГ 1: Образец на понуда
ПРИЛОГ 2:  Изјава со која се прифаќаат условите од  постапката

## 1. ДОГОВОРЕН ОРГАН

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ул."Јуриј Гагарин" бр. 15 Скопје, 1000 Скопје - Р.Македонија.

## 2. ВИД НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Вид на постапка: Согласно член 17 став 1 алинеја 2 - категорија 22 и став 2 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 136/07 и 130/08).

## 3. КОНТАКТ ЛИЦЕ

Телефон за контакт: 02/3134-477; факс: 02/3124-224; интернет адреса: www.mzsv.gov.mk; електронска адреса: goran.dimoski@mzsv.gov.mk; контакт лице: Горан Димоски.

## 4. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**4.1. Предмет на договорот за јавна набавка е:**

Избор на Агенција за привремени вработувања за потребите на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за период од 8 месеци.

**4.2. Предметот на набавката не е делив.**

## 5. КРАЕН ДАТУМ, ВРЕМЕ И МЕСТО ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВАРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

**5.1. Краен рок и место за поднесување на понудите**

5.1.1. Краен рок за поднесување на понудите е **16.04.2010 година во12:00 часот.**

5.1.2. Понудите се поднесуваат во архивата на договорниот орган, на следнава адреса: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ул."Јуриј Гагарин" бр.15 Скопје, 1000 Скопје - Р.Македонија.

**5.2. Јавно отворање на понудите**

5.2.1. Јавното отворање на понудите ќе се изврши на датумот и во часот утврдени како краен рок за поднесување на понудите на следнава локација: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ул.“Јуриј Гагарин" бр.15 Скопје, 1000 Скопје - Р.Македонија. **(Сала за состаноци).**

5.2.2. Понудувачот може да има свој овластен претставник на јавното отворање на понудите, при што овластениот преставник треба на Комисијата да и предаде писмено овластување од понудувачот.

5.2.3. Овластените претставници на понудувачите можат да учествуваат во постапката на отворањето на понудите со давање на свои забелешки во записникот од јавното отворање на понудите.

## 6.НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА

Секое барање, информација, известување и други документи предвидени со Законот за јавни набавки се испраќаат во писмена форма.

Секој документ се евидентира во моментот на испраќање, односно во моментот на примање.

Документите се испраќаат на некој од следниве начини:

- по пошта,
- по факс

Договорниот орган во тендерската документација го утврдува начинот на комуникација кој ќе го користи при спроведување на постапката.

Документот кој бил испратен по факс, доставувачот е должен да го достави по пошта во рок од два дена од денот на испраќање на документот по факс.

## 7.КРИТЕРИУМИ И МИНИМАЛНИ УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТ

***Критериуми за утврдување на способност на економскиот оператор се:***

**7.1. Лична состојба**

**7.2. Способност за вршење на професионална дејност**

**7.3. Економска и финансиска состојба**

**7.4. Техничка или професионална способност**

**Забелешка:** за способен понудувач се смета оној кој ги исполнува сите минимални критериуми.

## 8. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТ

За утврдување на способност на економскиот оператор се потребни следните документи:

**8.1. Лична состојба**

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран, и
- уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

**Наведените документи не смеат да бидат постари од шест месеца, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од економскиот оператор.**
Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од членот 147 став 2 на Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 136/07и 130/08), или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од овој закон, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган.

**8.2. Способност за вршење на професионална дејност**

За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да има на располагање:

- документ за регистрирана дејност **(ДРД образец)** како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.
- важечка лиценца “А“ издадена од министерството надлежно за работите од областа на трудот согласно Законот за агенции за привремени вработувања (Сл. весник 49/06) и
- потврда дека економскиот оператор е запишан во Регистарот на агенции за привремени вработувања што го води министерството надлежно за работите од областа на трудот.

**8.3. Економска и финансиска состојба**

- извештај за билансот на состојба заверен од надлежен орган, односно

ревидиран биланс на состојба, или извадоци од извештајот за билансот на состојба, во случаи кога објавување на билансот на состојба е пропишано со закон во земјата каде што економскиот оператор е регистриран и
- извод од целокупниот промет на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и, онаму каде што е соодветно, од прометот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка, и тоа најмногу за последната финансиска година за која се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.

**8.4. Техничка или професионална способност**

- референтна листа на главни испораки на понудувачите или кандидатите извршени во последните три години, со вредности, датуми и купувачи (договорни органи или економски оператори).
- потврди за извршените ислуги издадени од примателите за кои е доставена листата или, доколку такви потврди не можат да се обезбедат од причини вон контрола на економскиот оператор, само со негова изјава за извршени испораки,
- образовни и професионални квалификации на економскиот оператор или на неговиот стручен кадар и особено на лицата кои се одговорни за давање на конкретната услуга.

## 9. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ / ОПИСНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Предмет на набавката:**

**-Избор на Агенција за привремено вработување**

**9.1**. Предметот на набавката не е делив.

**9.2.** Понудувачот е должен да достави понуда во која е наведена единечната цена на услугата за извршената услуга.

## 10. РОК НА ИСПОРАКА ОДНОСНО ПЕРИОД НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Рокот на испорака се изразува во денови и истиот не смее да биде подолг од 2 дена од денот на добивањето на писмена нарачка од набавувачот.
Договорот за јавна набавка на предметот на оваа постапка се склучува за период од осум месеци.

## 11. УПАТСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПОНУДАТА

**11.1. Начин на изготвување на понудата**

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на оригиналните обрасци дадени во прилог.
Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

**11.2. Елементи на понудата**

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Образец на понуда (Прилог 1),

- Изјава дека понудувачот ги прифаќа условите од отворената постапка (Прилог 2)

**11.3. Јазик на понудата**

- Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо.
- Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

**11.4. Запечатување на понудата**

Понуда може да поднесе само понудувач кој ја има набавено тендерската документација од договорниот орган.

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку сите пликоа не се запечатени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата.

Понудувачот ја доставува понудата со цена во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари или во валута како што е утврдено во тендерската документација. Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

Цената на понудата се изразува за вкупниот предмет на договорот за јавна набавка. Доколку предметот на договорот е делив, цената на понудата се изразува посебно за оној дел од предметот на договорот за кој се поднесува понудата согласно со тендерската документација

Понудувачот ја изготвува понудата врз основа на оригиналната тендерска документација.

Понудата е обврзувачка за целиот период на важност што го утврдил договорниот орган.

Во исклучителни случаи, договорниот орган може да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

Понудувачот ги сноси ризиците поврзани со поднесувањето на понудата, вклучувајќи и виша сила.

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како задоцнета и истата ќе му биде вратена на понудувачот неотворена.

Содржината на понудите останува доверлива до датумот на нивното отворање.

Договорниот орган во тендерската документација ја утврдува валутата или валутите во кои може да се изрази цената на понудата, како и валутата која ќе се користи за евалуација на понудите. Курсната листа која ќе се користи е курсната листа на Народната банка на Република Македонија, а курсевите за размена се оние кои важеле 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

**Понудувачот мора да ги користи сите обрасци дадени во оваа тендерска документација при што тие мора да се пополнети без никакви измени на нивната форма. Договорниот орган го задржува правото да ги отфрли**

**понудите кои отстапуваат од обрасците предвидени со тендерската документација.**

## 12. АЛТЕРНАТИВНИ ПОНУДИ

Алтернативни понуди не се предвидени.

## 13. ЦЕНИ, РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## 14. ВАЛУТА НА ПОНУДАТА

Понудувачот ќе ги наведе единечните цени и износи во македонски денари (МКД) со посебно изразен ДДВ.

## 15. РОК, НАЧИН И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Рокот, начинот и условите на плаќање се следните: вирмански во определениот рок од денот на испораката на услугата на начин утврден со договорот и доставување на фактура.
Сите понуди кои содржат повеќе алтернативи за начинот на плаќање ќе бидат отфрлени.

## 16. ВАЖНОСТ НА ПОНУДИТЕ

Важност на понудите е 60 календарски дена по крајниот рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.
Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.
Во исклучителни случаи, пред истекот на важноста на оригиналната понуда, договорниот орган може да побара од понудувачите да го продолжат рокот на важност за извесен период што ќе се наведе. Барањето и одговорот ќе се доставaт во писмена форма.
Понудувачот има право да го одбие ваквото барање, но во тој случај автоматски ќе биде исклучен од тендерската постапка.
Од понудувачот кој ќе се согласи со барањето за продолжување на важноста на понудата нема да се бара, ниту му е дозволено да ја менува својата понуда.

## 17. ГАРАНЦИИ И АВАНСНО ПЛАЌАЊЕ

### 17.1. Гаранција на понудата:

Понудувачот како составен дел на понудата доставува гаранција за учество во износ од **360.000,00** денари во вид на банкарска гаранција која се доставува во оригинална форма.
Договорниот орган може да ја наплати гаранцијата на понудата, ако понудувачот:
- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка,
- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Гаранцијата на понудата треба да е со важност не помалку од 14 дена од денот на истекот на важноста на понудата.

Гаранцијата на понудата им се враќа на понудувачите кои не се избрани за најповолни во рамките на периодот на нејзината важност.
Гаранцијата на понудата на понудувачот чија понуда е избрана за најповолнаму се враќа откако ќе го потпише договорот за јавна набавка и ќе достави гаранција за квалитетно извршување, доколку истата се бара.

**17.2. Гаранција за квалитетно извршување на договорот:**

Понудувачот треба да достави банкарска гаранција за извршување на договорните обврски за реализација на предметот на набавката во висина од **15%** од вредноста на договорот.
Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

**17.2. Авансно плаќање:**

Авансно плаќање не е предвидено.

## 18. КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Критериуми за еваулација што ќе ги користи комисијата за јавни набавки при Договорниот орган се следните:

| | |
|---|---|
| - Цена | 70 поени |
| - Квалитет | 30 поени |

Методологијата за изразување на критериумите во бодови е следна:

**<u>Критериум цена</u>**: Пресметката на бодовите за цената на понудата се пресметува процентуално во однос на најниско понудената цена и тоа најниската понудена цена се множи со максималниот број на поени и се дели со цената на понудата за која се пресметуваат поените.

**<u>Критериум квалитет</u>**: Бодовите за квалитет се пресметуваат на тој начин што се собираат бодовите врз основа на:

- **<u>Редовна исплата на плати</u>** ------------- 50 % или 15 поени од максималниот број на бодови

- **<u>Референтна листа</u>** ------------ 50 % или 15 поени од максималниот број на бодови која ќе се вреднува на следниот начин:
- **> 100 работодавачи корисници -------------- 15 поени**
- **50 до 100 работодавачи корисници ---------10 поени**
- **< 50 работодавачи корисници ----------------- 5 поени**

## 19. ЕЛЕКТРОНСКИ СРЕДСТВА

Договорниот орган не ја спроведува постапката со користење на електронски средства преку ЕСЈН.
Повикот за ова постапка е објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки.

## 20. ЕЛЕКТРОНСКА АУКЦИЈА

Договорниот орган не предвидува електронска аукција за спроведување на

постапката.

## 21. ПОТРЕБНИ ИЗЈАВИ И ОБРАЗЦИ

Потребни образци и изјави кои треба да се пополнуваат и потпишат од страна на овластеното лице кај понудувачите се дадени како прилог на ова тендерска документација.

**Забелешка:** Некои изјави треба да се состават од самиот економски оператор, понудувач.

## 22. ПРАВНА ЗАШТИТА

Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за решавање по жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки пропишани со Законот за јавни набавки.

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија.

Жалбата се поднесува **лично или по препорачана пошта** истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Денот на поднесување на жалбата по препорачана пошта се смета за ден на поднесување.

Во случај на лично поднесување на жалбата договорниот орган е должен да му издаде на подносителот потврда за времето на приемот.

## 23. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА (Модел договор)

**- ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

### 1. РОК НА ИСПОРАКА ОДНОСНО ПЕРИОД НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Рокот на испорака се изразува во денови и истиот не смее да биде подолг од 2 дена од денот на добивањето на писмена нарачка од набавувачот.

Договорот за јавна набавка на предметот на ова отворена постапка се склучува за период од осум месеци.

### 2. ЦЕНИ, РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

### 3. РОК, НАЧИН И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Рокот, начинот и условите на плаќање се следните: вирмански во определениот рок од денот на испораката на услугата на начин утврден со договорот и доставување на фактура.

Сите понуди кои содржат повеќе алтернативи за начинот на плаќање ќе бидат отфрлени.

- **ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ОСОБЕНО ЌЕ СОДРЖИ:**
  - I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ
  - II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
  - III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ
  - IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
  - V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ
  - VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА
  - VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
  - VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА
  - IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ
  - X. РАЗЛИКА ВО ЦЕНАТА (корекција на цени)
  - XI. ВИША СИЛА
  - XII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ
  - XIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ
  - XIV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
  - XV. КОРУПЦИСКО И ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ
  - XVI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН
  - XVII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

| НАБАВУВАЧ: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство<br>МИНИСТЕР,<br>Љупчо Димовски | |
| ______________________________ | ______________________________ |
| ______________________________ | ______________________________ |

**Прилог:**
1. Понудбена документација

Упростена тендерска документација - "Избор на Агенција за привремено вработување ".

**Прилог 1: Образец на понуда**

[меморандум на понудувачот]
[архивски број и датум]

Врз основа на огласот број 26-4548/2/2010 објавен од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанасто за доделување на договор за јавна набавка на услуга - Избор на Агенција за привремено вработување со постапка бр..26-4548/2/2010, и на тендерската документација која ја подигнавме од договорниот орган, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1.Име на понудувачот:
___________________________________________________

I.2. Контакт информации
- Адреса:
  ___________________________________________________
- Телефон:
  ___________________________________________________
- Факс:
  ___________________________________________________
- Е-пошта:
  ___________________________________________________
- Лице за контакт:
  ___________________________________________________

I.3. Одговорно лице:
___________________________________________________

I.4. Даночен број:
___________________________________________________

I.5. Жиро сметка:
___________________________________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
________________________________________ .
[Во оваа точка понудувачот ја наведува услугата која ја нуди со сите потребни технички карактеристики на истите, а во согласност со техничките спецификации дадени во тендерската документација.

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**
III.1. Единечната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:
_________________________________________________________________[со бројки]
(________________________________________________________________) [со букви]
денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува ________________.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во упростената тендерската документација и приложениот нацрт – договор.

III.5. Доставуваме гаранција за учество во постапката за набавка во вид на ______________________________
___________________________________________________________________која е во прилог на нашата понуда (оваа клаузула се вметнува во образецот на понудата доколку се исполнети условите од Законот)

III.6. Доколку нашата понуда биде прифатена, се обврзуваме да обезбедиме гаранција за извршување на договорот, согласно со условите предвидени во него.

ПРИЛОГ 2: Изјава со која се прифаќаат условите од постапката

# И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот

_______________________________________________________________

во целост ги исполнува критериумите за утврдување на способноста на понудувачите утврдени во тендерската документација за доделување на договор за јавна набавка на услуга **- Избор на Агенција за привремено вработување** објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки, со постапка во согласност со член 17 став 1 алинеја 2 - категорија 22 и став 2 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник бр. 136/07 и 130/08) и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

Место и датум

_____________________________

Одговорно лице

_____________________________

(потпис и печат)